*Томо ТОМОСКИ*

# МОЛИСК—МОЛСКО—МОЛЕСКОВА (ЛЕСКОВА) — ЛЕХОВО

Најстаро зачувано известување за градот и пределот Молско потекнува од перото на византискиот писател Јован Скилица. Тој во својата „Кратка историја“ меѓу другото пишува и за големата војна што се водела меѓу македонската држава и Византија во преодот од првиот во вториот милениум. Кон крајот на таа војна, во 1017 година, византискиот владетел Василиј II, повел војска и движејќи се кон запад, навлегол длабоко во Македонија. Тогаш, византискиот одред, откако го освоил и спалил градот Лонгос (φρούριον . . . Λόγγον)[1]. достигнал до Костур. Таму, византискиот владетел бил задржан во напредувањето и принуден да се врати. На враќањето преку превојот кај денешната населба Клисура, Василиј II ја спалил тврдината Вишеград, ја обновил Верија, а потоа ги разорил и запустил околиите на Острово и Молско (τὰ πέριξ 'Οστροβοῦ καὶ Μολυσκοῦ). Во меѓувреме царот добил нова информација за воено-политичката ситуација во земјата, па се повратил назад и се упатил во Пелагонија, каде го зазел и вториот град по име Сетина. Таму Самуило имал свои дворци[2]. Потоа, откако ја разбил војската на Јован Владислав, се вратил преку Владовската клисура и Воден во Цариград[3].

Спомнатото место Молско се среќава и подоцна. Имено, во времето кога Византија западнала во тешка економска и политичка криза, тогаш, во еден акт од крајот на XII век, поправо во Privilegium Alexii III Imperatoris Constantinopolitani, concessum inclito domino Henrico Dandulo Duci A. d. 1199 m. Noembri покрај други провинции е забележана и Prouincia Prilapi et Pelagonie ac Molyscij, nec non et Mogreno[4]. Во наведената привилегија споменатата провинција била составена од четири дела и тоа: од Прилеп, од Пелагонија, од Молско и од Меглен.

---

[1]) Веројатно станува збор за с. Л'нга (Л'ка) што се наоѓа во непосредна близина на селата Емборе и Палеохорион. Грчкиот назив за селото е Милохори.

[2]) Градот Сетина лежел на месноста Кале (Големо Кале, Град Кале) и тоа на составот на Стара Река и Речица. Таму, во близината на Г. Сетина и во пазувите на планината Ниџе и бил изграден средновековниот град.

[3]) Византијски извори за историју народа Југославије, III, Београд 1966, стр. 120—122.

[4]) G. L. Fr. Tafel und G. M. Thomas, Urkunden zur älteren Handels- und Staatsgeschichte der Republik Venedig, I. Theil, Wien 1856, str. 262.

Но неколку години подоцна, во договорот меѓу венецијанскиот дужд и крстоносците за поделба на византиската територија т.е. во Partitio regni Graeci a.d. 1204 наведената административна единица е разделена на две одделни провинции и тоа на Prouintia Moliscu et Moglenon i na Prouintia Prilapi et Pelagoniae cum Stano (Τὸ θέμα Μολύσκοῦ καὶ Μογλένων)[5].

Потоа, во една изменета воено-политичка ситуација и со проширувањето на епирската власт во Македонија, била формирана молска тема, како одделна и единствена административна единица. Тогаш, веројатно постоела и молска епархија. На таков заклучок наведува преписката на охридскиот архиепископ Димитрија Хоматијан со молскиот епископ[6].

Белешки за Молско оставил и византискиот писател Георги Акрополит. Тој, меѓу другото, пишува и за никејско-епирската војна. Во текот на таа војна Никејците загосподариле и со Преспа, Пелагонија, Соск и Молско (Πρέσπα, Πελαγόνια, Σωσκός, Μολυσκός)[7]. Во 1259 година, војската на епирскиот деспот Михаил II, придружувана од еден воен одред на сицилијанскиот крал Манфред и ахајскиот кнез Вилхелм Вилардуен, при една воена операција, чија крајна цел бил градот Прилеп, поминала преку Стан, Соск и Молско (Στανον καὶ Σωσκὸν καὶ Μολυσκόν). Но понатамошното напредување на Епирците и нивните сојузници било задржано од Никејците кај Борила Лонгос (ἐκ τόπου τοῦ Βορίλλα Λόγγος)[8]. Споменатата месност не треба да се идентифицира со Лонгос, кој бил порано забележан од страна на Ј. Скилица. Георги Акрополит бездруго знаел за постоењето на градот Лонгос, па затоа нададал „Борила". Со тоа тој укажал дека станува збор за една друга месност. За определувањето на положбата на Борила Лонгос помага податокот што го оставил византискиот историчар Никифор Григора за местото каде се одиграл бојот. Имено, тој пишува дека судирот меѓу двете војски се случил во Авлона, т.е. во еден премин[9]. Освен тоа при убицирањето на Борила Лонгос треба да се има предвид и прикажувањето на Георги Акрополит за намерата на епирската војска да достигне до Прилеп, потоа за нападите на никејските војници врз патиштата и поилиштата што ги користеле епирските војници, најодзади за повлекувањето на епирскиот деспот по познатиот пат, како и на неговите сојузници во правец на Костур и Платамон. Споменатите податоци упа-

---

[5]) Наведено дело, стр. 486 и 493.

[6]) Иванъ Снѣгаровъ, История на Охридската архиепископия, I, София, стр. 255 и 256.

[7]) Гръцки извори за българската история, VIII, София, стр. 208 и 209. Georgii Acropolitae, historia, Opera I, Lipsius, 1903, str. 167 и 169;

[8]) Епирскиот владетел исплашен од неповолниот исход на борбата ја напуштил војската и се повлекол по патиштата што тој добро ги познавал. По неговиот пример и војската се разбегала во разни насоки. Кнезот Вилхелм се прибрал во блискиот Костур, каде бил и заробен, а некои други војводи заминале веројатно преку планината Кара Таш (Турла) и биле фатени кај Платамон и на други места.

[9]) Види во мојата статија: По трагата на средновековниот град Девол, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, 1 (27), Скопје 1975, стр. 192, бел. 28 и 193, бел. 29.

туваат на заклучок дека борбите меѓу двете војски се воделе кај Килит Дервен (Клучка Клисура). Станува збор за една сатеска (теснина), која е покриена со лаки и се протега кај с. Церово (грчкиот назив Клиди). Таму во тој преод се пробива единствената комуникација во ридската преграда што го заградува Леринското Поле од Сари Ѓол[10].

Молско како град пропаднал веројатно во првите децении по зацврстувањето на турската власт во Македонија. Меѓутоа, неговото име и натаму се зачувало и се употребувало како назив на една селска населба и на цел еден предел. Во еден турски дефтер за 1488/1489 година е забележана област Молескова (Лескова) со 2.388 џизијски домаќинства и 236 вдовици[11]. Името Молско (sic) е запишано и во слепченскиот кодик кој во основа бил напишан во XVI век[12]. Под турска власт името Молско се употребувало и во црковната администрација. Во 1688 година се споменува Антим како епископ мегленски и молски. Нешто подоцна, во 1694, Дионисиј се титулира како единствен епископ на Молско (ἐπίσκοπον Μολεσχοῦ). Во 1714, 1719 и 1743 епископите ја држат под духовна власт повторно целата мегленско-молска територија (Μογλενῶν καὶ Μολεσχοῦ)[13].

Во изминатите години имало настојување да се определи положбата на Молско. Уште пред 120 години постоело мислење дека овој македонски град (Urbs Macedoniae) треба да се бара близу Острово (prope

[10]) В. Златарски зборот Авлона го врзувал само за албанскиот град Валона' па затоа и не направил напор податокот на Никифор Григора да го објасни и согледа заедно со Борила Лонгос. Меѓутоа, тој ги приведува мислењата на К. Хопф и Херцберг за судирот меѓу двете војски кој наводно се случил во Пелагонија. Според В. Златарски воената активност меѓу двете војски се одвивала меѓу Пелагонија и Вереа. В. Н. Златарски, История на българската държава презъ срѣднитѣ вѣкове, III, София 1940, стр. 485—487. — За истото пишува и Георгије Острогорски. Според него бојот се случил во 1259 година во Пелагонијската рамнина, но, притоа, не кажува во кој дел и на кое место во Пелагонија. Георгије Острогорски, Историја Византије, Београд 1969, стр. 420. — Види и во Гръцки извори за българската история, VIII, на стр. 209. Имено, Михаил Войнов, кој го припремил издавањето на Георги Акрополит воопшто не се обидел да ја убицира месноста Борила Лонгос.

[11]) Hamid Hadžibegić, Glavarina u osmanskoj državi, Sarajevo 1966, str. 57. Според А. Стојановски „нахијата Молска, околу 1525—1528 била во состав на Леринскиот санџак и се протегала на западната страна на Островското Езеро и околу Рудничко Езеро. Повеќе за тоа види во неговата статија: Административно-територијалната поделба на Македонија под османлиска власт до крајот на XVII век. Гласник на Институтот за национална историја XVII, Скопје 1973, 2, стр. 136 и 145.

[12]) А. М. Селищев, Македонские кодики XVI—XVIII веков, София 1933, стр. 72. Молско, според А. Селишчев, спаѓа во оние месности, на кои не може да им се уточни положбата. — Називот Молско забележан во кодикот го прави неодрживо тврдењето на Г. Баласчев дека местото го нарекоа по словенски Смолско и дека од тоа име со метатеза се формира грчкиот назив Молесх-осъ. Види за тоа во неговата статија: Словѣнски надписи отъ Югозападна България. Минало 5 и 6, София 1909, стр. 40. Впрочем во Partitio Regni Graeci A. d. 1204 во издање Rahmnusius de bello cpolitano Ed. II. стои: Molisci et Smolenorum, G. L. Fr. Tafel und G. M. Thomas, нав. труд. стр. 486, бел. 2.

[13]) Heinrich Gelzer, Der Patriarchat von Ahrida, str. 53, 59, 77, 87, 102, 106 и 109 Според Г. Баласчев во подоцножната мегленско-молска епархија влегувале како еден нејзин дел и градовите Дебрец, Соск, Стари Дол и Хлерин. Меѓутоа, тоа негово тврдење не може да се одржи што се однесува до градот Дебрец, а и за Соск и Стари Дол додека не се уточни нивната положба. Г. Баласчев, наведена статија, стр. 40.

Ostrobum)[14]. Околу седумдесет години подоцна Иван Снегаров ја определил положбата на „молисковската тема“ близу до Меглен[15]. Според Михаил Войнов, кој го припремил издавањето на Ѓ. Акрополит со превод на бугарски јазик, Молиск бил „неотъждествена твердина“, која се наоѓала на исток од Лерин и на запад или северозапад од Костур[16]. Тука го приведуваме и мислењето на Ј. Ферлуга за положбата на Молско. Имено, тој во коментарот што го дава кон преводот на Јован Скилица се прашува дали е Молиск град или тврдина, а во Општиот регистар пишува дека е тоа село во Македонија. Според него Молиск не би бил далеко од Острово и веројатно лежел на патот помеѓу Острово и Верија[17].

Од горе изложеното се гледа дека споменатите научни работници во барањето на положбата на Молско се ориентираа на пределот што се протега меѓу Лерин, Костур, Острово, Меглен и Бер. На таков заклучок упатуваат и прикажувањата на византиските писатели Јован Скилица, Георгиј Акрополит и Никифор Григора. Имено, како што е веќе кажано царот Василиј II на враќањето од Костур ги запустил пределите на Острово и Молско, а потоа тргнал на север и ја освоил тврдината Сетина. Во почетокот на XIII век Молско и Меглен како соседни предели составувале една административна единица. Според тоа Молско треба да се бара источно од Костур, јужно од Сетина и западно од Меглен и Острово. Неговата положба поблиску ја определиле Георгиј Акрополит и Никифор Григора. Според Ѓ. Акрополит никејската војска загосподарила со Преспа, Пелагонија, Соск и Молско. Во меѓувреме епирската војска на пат за Прилеп успеала да ги преземе Соск и Молско. Меѓутоа, таа, во тоа напредување била задржана кај Борила Лонгос, т.е., според Никифор Григора во еден премин. Јужно од Пелагонија нема друг преод од оној кај Килит Дервен. Низ него, т.е. преку тесницата кај с. Церово (Клиди) и денес врви комуникацијата од Пелагонија на југ во правец на Сари Ѓол. На излезот од тој преод, во Сари Ѓол, на 30 км јужно од Лерин, има село по име Екши Су (Ксино Неро). Свое-

[14]) G. L. Fr. Tafel und G. M. Thomas, нав. труд, стр. 263, бел. 2.

[15]) Иванъ Снѣгаровъ, История на Охридската архиепископия, I, София 1924, стр. 255. Тој своето мислење уште еднаш го искажува во вториот том од споменатата книга со забелешка дека „сега не постои ни град ни месност со име Молиск“. Притоа тој се доближува до убикацијата на Тафел, наводно дека Молско лежел близу до Островското Езеро и дека с. Катраница стои наместо Μολεσχοῦ во називот на митрополитот на Меглен и Катраница. Како потврда за тоа негово објаснување го приведува неуверливото пишување на Г. Баласчев дека Μολεσχός потекнува од словенскиот назив на месноста, т.е. од Смолско. Иванъ Снѣгаровъ, История на Охридската архиепископия — патриаршия отъ паденото й подъ Турцитѣ до нейното унищожение (1394—1767 г.), София 1923, стр. 181. За положбата на темата Молско види и кај W. Tomaschek, Zur Kunde der Hämus-Halbinsel, Sitzungsberichte d. phil.-hist. cl CX III Bd. I Hft.

[16]) Гръцки извори за българската история VIII, стр. 208 и 209.

[17]) Византијски извори за историју народа Југославије III, стр. 122 и 402.

времено Васил Кнчов го забележал тоа село во нахијата Рудник[18] и притоа во заграда ставил Врбени Горно, Врбени Молско[19]. Села со тоа име има и во Леринско и во Воденско, па затоа В. Кнчов укажал дека ова село спаѓа во Молско. Над Екши Су има една истакната позиција од воено значење за средновековните прилики. Меѓутоа тој пункт не доаѓа предвид при убикацијата на Молско. Градот бездруго лежел на оној рид што се протега од селата Лехово и Зеленич кон езерата Рудник (или Врапчин) и Зазерци. Таму на тој рид, јужно од Зеленич има месност по име Маркови Кули (на Марко крало кулите). Таму некогаш и лежел средновековниот град Молско. Не се знае што се случувало со градот по паѓањето под турска власт. Во 1481 година, во опширниот пописен дефтер бр. 16 е регистрирано село Енборија, кое според пописниот дефтер од 1568 година спаѓало во нахијата Невеска[20]. Забелешката што ја дава проф. М. Соколоски во врска со тоа село, укажува дека во рамките на нахијата Невеска некогаш постоел град, а потоа од него останала само варошката населба со статус на село. Едновремено, поправо во 1488/1489 година, е забележана Молескова (Лескова) како име на предел, напоредо со Прилеп, Морихово, Лерин и Гугово (предел и место источно од Острово и југозападно од Меглен), кои сите заедно составувале една даночна област.

Денес Молско бездруго се крие во називот на с. Лехово, кое кон крајот на XIX век броело 750 Албанци и 90 Власи[21]. Во називот Лехово веројатно се испуштени напред буквите „Мо", како што тоа го направил и попишувачот на данокот во XV век, кој покрај називот Молескова го дал и краткиот назив Лескова.

Според тоа и имајќи го предвид горе изложеното може слободно да се каже дека градот Молско лежел кај денешното село Лехово, на патот Костур—Острово и тоа на месноста Маркови Кули, што се наоѓа на ридот, кој се протега меѓу селата Лехово и Зеленич на една страна и блиските езера на друга страна.

---

[18] За нахијата Рудник В. Кнчов пишува во списанието „Библиотека", год.II книжка 6, во издание на в. „Новини".

[19] Васил Кънчов, Избрани производения, том втори, София 1970, стр. 550 и 662. Види и во Материали по изучванието на Македония, Софија 1896, стр. 705 каде правилно станува збор за Долно Врбени место Горно Врбени, кое се наоѓа во Леринско.

[20] Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширни пописни дефтери од XV век, том II, Скопје 1973, стр. 451. — В. Кнчов пишува во споменатиот труд (Македония. Етнография и статистика, на стр. 550 дека кон крајот на XIX век во нахијата Невеска спаѓале следниве населби: Невеска, Бел Камен, Ајтос, Горенци, Зелениче, Прекопана, Сребрени, Елово, Елеово (Елехово), и Негован. Меѓу приведените села го нема споменатото село Енборија. Веројатно преовладало старото име Молско, како што тоа се случило и со називот на дебарското село Јамборија, кој бил потиснат и заменет со името на градот Коџаџик. За ова поопширно види во мојата статија: Прашањето на Коџаџик, Историја, IV. Скопје 1968, 2, стр. 95 како и во статијата: Свети Град е второ име за средновековниот град Дебар, Историја, VIII, Скопје 1972, 1, стр. 114.

[21] В. Кънчов, Избрани произведения том II, София 1970, стр. 550.

Tomo Tomoski

# MOLISCUS—MOLSKO—MOLESKOVA (LESKOVA)—LEHOVO

(Zusammenfassung)

Die Burg Moliscus wird schon in der Schrift des Johannes Skylitzes erwähnt. Später nennt die Burg auch Privilegium Alexii III Imperatoris Constantinopolitani, concessum inclito domino Henrico Dandulo Duci ad. 1199. Moilscus zusammen mit Βοριλλα λογγος wird auch von Georgius Acropolita angeführt. Der Ort erscheint in einigen kirchlichen Quellen, z. B. bei Demetrios Chomatianos. Er kannte einen Bischof auch ein Thema von Moliscos. Die Burg Molsko wurde durch die türkische Eroberung vernichtet. Der Name ist uns aus türkischen Steurlisten gut bekannt. Nach diesem Orte wurde das ganze Gebiet im 15. Jahrhundert genannt. Ohne Zweifel kann das Dorf Lehovo mit Molsko identificirt werden. Die Burg lag unweit des Rudnik-Sees. Da führte die Route aus Kastoria über Klisura nach Ostrovo-See vorüber. Dort, bei dem Dorf Lehovo, sind die Ruinen von Molsko unter den Namen „Markovi Kuli" bekannt. Beim Ort Lka sollen sich auch Ruinen die mittelalterliche Burg Longos befinden. Zum Schluss lag Borila Longos in eine Bergsreihe zwischen Sari Gjol und Pelagonia; dort, wo der Weg durch die bekannte Übergang „Kilit Derven" führt.